**Ново срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 171. Дата: 15. 04. 2013.**

# Фарисејот и даночникот

Во времето на Исус (а и денес) имаше луѓе кои што беа самоуверени во својата праведност и ги потценуваа другите. За да им ги раскрие нивните срца, Исус ја кажа следнава споредба:



„Двајца мажи влегоа во храмот да се молат; едниот беше **фарисеј,** а другиот **собирач на данок.** Горделивиот фарисеј стоеше одвоено и се молеше вака: ‚Ти благодарам, Боже, што јас не сум грешник, како што се другите луѓе: разбојници, нечесни, прељубници; ниту пак како овој собирач на данок, овде! Двапати неделно постам и во храмот давам десеток од сите мои приходи!'А собирачот на данок стоеше подалеку и не се осмелуваше ни да погледне кон небото, туку се удираше во градите и се молеше вака: ‚Боже! Имај милост спрема мене, зашто јас сум грешник!'Ве уверувам дека собирачот на данок, а не фарисејот, си замина оправдан пред Бога! Зашто, оној што се крева на големо - ќе биде понижен, а оној што се понизува - ќе биде издигнат!“ **(Лука 18:10-14)**

**Фарисеите** биле членови на религиозна и политичка група, (еден вид верски водачи) кои стриктно го пазеле Мојсеевиот закон и биле многу горди на тоа. Но за жал, нивната религиозност (побожност) била само формална и лицемерна, бидејќи тие ставале нагласок на ритуалите и обредите, но ја запоставувале правдата и моралот. Токму за таа нивна лицемерност и површна религиозност, Исус ги критикуваше со зборовите:

*„ ...тие* ***не*** *го практикуваат тоа што го проповедаат. Тие им товарат на луѓето тешки товари (обреди и правила) кои одвај можат да се носат, а самите ни со прст не помагаат. Сѐ што прават тие, го прават за да се покажат пред луѓето: со себе носат дебели молитвеници, си пришиваат долги реси на своите мантии, ги сакаат почесните места на гозбите и челните места по храмовите; сакаат да бидат поздравувани на јавни места и нарекувани со почесни титули“.* **(Матеј 23:2-7)**

И денес многумина (и свештеници и обични верници) живеат по сличен начин; извршуваат само религиозни обреди и традиции, но во нивниот живот не се гледа светост, праведност, морал и љубов кон другите. Тие само се залажуваат дека нивните обреди ќе ги доближат до Бог и ќе ги направат праведни. Бог, ниту тогаш, ниту денес, не одобрува таков вид на лажна побожност, која се состои само во религиозни правила.

Од друга страна, **даночникот** беше грешен човек и тој го знаеше тоа. Токму затоа ,тој со наведната глава искрено се каеше; не се обидуваше да го импресионира Бог. Не се надеваше на својата праведност, туку се повикуваше на Божјата милост и беше оправдан.

Бог сака и ние да бидеме токму такви; наместо да Му „замачкуваме очи“ со површно и формално христијанство, искрено да се покаеме и да живееме променет живот.

<u>Што е со тебе? Дали ти се гордееш со твоите религиозни обреди, празници, слави...или си ја осознал својата грешност и се повикуваш на Божјата милост, за прошка и промена?</u>

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**